

Дворот на Сања Атанасова од населбата Расадник и дворот на детската градинка „Весели цветови“ се најубавите дворови во Делчево. Ова го одлучи Комисијата составена од стручни лица кои изминатиов период ги посетија сите пријавени 15 дворови по Јавниот конкурс објавен од Општина Делчево. Татијана Стојковска, член на Комисијата, истакна дека сите пријавени дворови се убави на свој начин и заслужуваа внимание и дека тешко ја донеле одлуката кој од убавите дворови да се издвои.

-Сепак, одлучивме да ја наградиме креативноста на нашата сограѓанка Сања и со тоа да ги поттикнеме сите наши сограѓани, да продолжат со оваа благородна работа, да си создадат свое катче во дворот кое не само што ќе биде нивни украс и украс на градот, туку ќе придонесат за убав тренд во Делчево. Дворот на Сања импресионираше со пропратните елементи кои сама со помош на нејзината сестра и со свои раце ги сработиле, како што е фонтаната со езерцето, потоа тука е  летниковецот, тревникот, дворот не е голем, но е сè на свое место и ова е доказ дека со идеја и малку средства, може многу да се направи, истакна Стојковска.







